“Обезбедување на одржлива индустрија на ТОКО во Југоисточна Европа (ЈИЕ) – Иднината на ТОКО”

# ДЕКЛАРАЦИЈА ОД БУКУРЕШТ

## Усвоена на меѓународна Конференција на 29 март 2023 год.

Индустриите за текстил, облека, кожа и обувки (ТОКО) вработуваат повеќе од 400.000 работници во Бугарија, Романија, Северна Македонија, Србија и Хрватска. Постојат и дополнителни можности за нивен раст, бидејќи брендовите ја анализираат сигурноста на нивните синџири на снабдување. Nearshoring (трендот со кој мултинационалните компании да ги преселуваат своите деловни активности во земји кои се поблиску до нивните седишта) нуди нови можности за земјите од Југоисточна Европа кои се блиску до главните европски пазари, зашто се опција да бидат нивни добавувачи а притоа да се намали еколошкиот отпечаток.

Во исто време, европските индустрии за ТОКО се пред крупни трансформациски зафати кои ќе влијаат и врз индустријата и врз работниците. Стратегијата на ЕУ за одржлива и циркуларна текстилна индустрија се стреми да успее до 2030 година производите од ТОКО секторите кои се пласираат на пазарот на ЕУ да бидат долготрајни, да може да се користат повеќе пати, да може да се поправаат и/или да се рециклираат, со што индустријата се придвижува од линеарен кон кружен (циркуларен) бизнис модел. Стратегијата ги опфаќа зелената и дигиталната транзиција, истовремено нагласувајќи ја потребата да се обезбеди конкурентност во глобален контекст.

Проектот „“Обезбедување на одржлива индустрија на индустриите за текстил, облека, кожа и обувки во Југоисточна Европа“ е почеток на долгорочна соработка низ која се свртува вниманието на осмислување на стратегии за индустриски развој и социјален напредок, подобрување на репрезентативноста на здруженијата на работодавачи и синдикатите, на развивање на нивните вештини и капацитети и на отворање на патот кон подобар социјален дијалог и колективно преговарање, вклучително и преговарање на ниво на индустрија.

На оваа меѓународна конференција која се одржа на 28-29 март 2023 година во Букурешт, учесничките - национални здруженија на претставници на индустриите/работодавачите и синдикатите од Бугарија, Романија, Северна Македонија, Србија и Хрватска, во соработка со европските социјални партнери, се договорија за следново:

• Социјалните партнери и понатаму ќе работат заедно на обезбедување на успешна зелена и дигитална трансформација на индустријата, искористувајќи ги можностите за раст и обезбедувајќи социјално праведна транзиција која отвора можности за пристојна работа за сите.

• Ги повикуваме владите на нашите земји да ги вклучат социјалните партнери во индустриите на ТОКО во разговори, за да ги надградат политиките за индустриски стратегии кои влијаат врз целиот екосистем, и да ги поддржат иновациите и дигитализацијата, како дел од новата европска транзициска патека.

• Индустриската трансформација ќе бара обемно надоградување на вештините. Ние се нудиме да соработуваме со властите и образовните институти за да ги обезбедиме потребните средства за привлекување, обука и/или преквалификација на работниците, вклучително и преку конкретна поддршка од Пактот за вештини на ЕУ ТОКО.

• Брендовите и трговските куќи кои имаат добавувачи од земјите од Југоисточна Европа треба да придонесат за позитивна трансформација преку одговорни деловни практики, темелна проверка и поддршка на социјалниот дијалог и пристојната заработувачка (плата за живот).

• Социјалниот дијалог е поважен од кога било порано доколку сакаме да постигнеме одржлива трансформација. Треба да се зајакнат механизмите за социјален дијалог и колективно договарање, имајќи го предвид исто така и упатувањето на покриеноста со колективно договарање во новата Директива на ЕУ за соодветна минимална плата.

• Ја повикуваме Европската унија да обезбеди финансирање за претстојната трансформација на индустриите на ТОКО, да помогне во соодветното надоградување на на технологии и вештини, регионален развој и правична транзиција. Социјалниот дијалог на европско ниво може да поддржи успешен процес на промени.

Националните социјални партнери ќе им пристапат на нивните влади во Југоисточна Европа и Европската Унија со свои предлози за тоа како да работат заедно за да се обезбеди одржлива и поотпорна иднина за индустриите на ТОКО и за работниците од нив. Европските социјални партнери ќе продолжат да ги поддржуваат овие важни и позитивни процеси.

***Bulgaria***

Bulgarian Association for Textile, Apparel and Leather (BATOK)
Federation of Light Industry Workers (FOSIL-CITUB / FNSOLP-KNSB)
Federation of Light Industry (FLI-PODKREPA / FLP)

***Croatia***

Croatian Chamber of Commerce (HGK)
Croatian Employers' Association (HUP)
Trade Union of Textile, Footwear, Leather, Rubber of Croatia (TOKG)

***North Macedonia***

Organisation of Employers of Macedonia (ORM) / Textile Association)
Trade Union of Textile, Leather and Shoe Making Industry (STKC)

***Romania***

Employers' Federation of Textile, Garments and Leather (FEPAIUS)
Astrico Nord-Est Association
Romanian Leather Manufacturers' Organisation (Sfera Factor)
Association of Leather and Fur Producers of Romania (ABBPR)
National Federation of Trade Unions in Light Industry (FNSIU UNICONF)
Federation of Light Industry Workers (CONFPELTEX)
IndustriAll-BNS trade union

***Serbia***

Chamber of Commerce and Industry of Serbia (PKS)
Serbian Association of Employers (UPS)
Autonomous Trade Union of Textile, Leather and Footwear Workers (Sindtkos-CATUS)
Trade Union of Agriculture and Process Industry (GS PPI Nezavisnost)
Trade Union of Metalworkers (GS Metal Nezavisnost)
Industrial Union of Serbia (ISS)

***Europe***

European Apparel and Textile Confederation (EURATEX)
European Footwear Confederation (CEC)
European Association of Tanners and Dressers (COTANCE)
industriAll European Trade Union

Проектот е финансиски поддржан од Европската Комисија, ГД за Вработување